VII ОДДЕЛЕНИЕ

„ЕТИЧКО КОРИСТЕЊЕ НА КОМПЈУТЕР И СОФТВЕРСКИ ЛИЦЕНЦИ“

Тема 1
“Информатика, компјутери и вештачка интелигенција”



НАСТАВНИК

ЛЕОНИД КРСТЕВСКИ

Дали се што можеме да направиме со компјутер – треба да го направиме?

Што значи „етичко користење“?

Етичко користење е одговорно и правилно користење на технологијата, со почит кон другите, податоците и работата.

Етички корисник:

🔐 ја почитува приватноста

© ја почитува туѓата работа

💻 користи софтвер (апликации) на дозволен начин

🤝 не ја користи технологијата за да им наштети на другите

Прашање: „Ако знаеш нечија лозинка, дали имаш право да се најавиш на неговиот профил?“

Што е софтверска лиценца?



Софтверската лиценца е правило што ни кажува што смееме, а што не смееме да правиме со одреден софтвер.

Кога инсталираме програма, тоа што можеме да ја преземеме НЕ значи дека можеме да правиме што сакаме со неа.

„Дали секој софтвер што може да се најде на Интернет е бесплатен?“

Лиценциран софтвер

Лиценциран софтвер е софтвер кој се користи според условите и дозволата дадени од неговиот автор или компанија.



FREEWARE

Freeware е софтвер кој може да се користи бесплатно.

Запомни: FREE = бесплатно користење



Бесплатен софтвер не значи дека можам да правам што сакам со него.

SHAREWARE + FREEMIUM

Shareware е софтвер кој можеме да го пробаме бесплатно, но најчесто има временски или лимитирани ограничувања.

Freemium е модел каде основната верзија е бесплатна, а дополнителните функции се плаќаат.





⭐ Можеме да платиме за дополнителни можности, како Meta Verified или Instagram Plus.

OPEN–SOURCE

Open-source е софтвер чиј изворен код е достапен и може да се проучува и менува според условите на неговата лиценца.

Програмерите можат да видат како е направена програмата и ако лиценцата дозволува, да ја подобруваат.



„ЕТИЧКИ ИЛИ НЕЕТИЧКИ?“

1. Марко ја знае лозинката на другарот и се најавува без дозвола.

2. Ана користи фотографија од Интернет и го наведува изворот кога тоа е дозволено.

3. Петар наоѓа платена програма „бесплатно“ од сомнителна страница.

4. Елена користи легално достапна бесплатна програма.

5. Ученик намерно ги брише датотеките на друг ученик.

6. Ученик добива туѓа лозинка, но не ја користи и му кажува на сопственикот да ја промени.

